**Голем македонски и општохристијански празник**



Денеска се празнува споменот  на св. Климент Охридски кој е упокоен на денешен ден 916 година. Исто така, на денешен ден се празнува и споменот на светите Седмочисленици. Денеска светата православна црква го празнува и споменот на големиот исцелител свети Пантелејмон.

Големиот македонски и сесловенски просветител свети Климент Охридски Чудотворец починал на денешен ден 916 година.  Но бидејќи тој и за време на својот живот имендепот го празнувал на 8 декември (25 ноември с.с.) на празникот на св. свештеномаченик Климент епископ Римски, подоцна неговиот главен празник бил поместен на овој датум, а на денешен ден се празнувал заедничкиот спомен на седумтемина рамноапостолни словенски светители познати како Свети Седмочисленици (Св. Кирил, Методиј, Климент, Наум, Сава, Горазд и Ангеларij). Св. Климент Охридски Чудотворец е најпознатиот ученик на светите браќа Кирил и Методиј, последен од нив починал и поради тоа денот на неговото упокојување бил земен за нивни  заеднички празник.




СВ ВМЧ
ПАНТЕЛЕЈМОН